**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 31- 4230 /
8 ноември 2013 година
С к о п ј е

**До**
**Министерство за финансии**
**- министер за финансии**
г. Зоран Ставрески

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија на Шестата седница одржана на 7 ноември 2013 година го разгледа

**Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2014 година-Раздел 02001 Собрание на Република Македонија**

и врз основа на расправата со пет гласа „за“ и еден глас „воздржан“ го усвои следниот

<u>З а к л у ч о к</u>:

1.Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа и прифати Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2014 година за Раздел 02001 Собрание на Република Македонија.

Буџетскиот совет укажува дека финансиските средства кои се планирани во Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2014 година во Раздел 02001 Собрание на Република Македонија во Потпрограмата 21 Контакти со граѓани нема да овозможат извршување на функциите на Собранието утврдени во член 36 од Законот за Собранието на Република Македонија. Буџетскиот совет констатира дека средствата кои се планирани во Потпрограмата 20 Собрание на Република Македонија во ставките 421 и 424 не се доволни за остварување на активностите на Собранието кои се планирани во Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2014-2016 година.

2.Овој заклучок да се достави до претседателот на Собранието на Република Македонија и до Министерството за финансии.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА БУЏЕТСКИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,**
Сузана Салиу